# ИНФОРМАТИВЕН ПРОСПЕКТ ЗА КБ ПРВ ОТВОРЕН ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД – СКОПЈЕ

## Управуван од КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ

## состојба на 31.12.2022

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

## I. ВОВЕД

**Назив и седиште на Друштвото и Фондот со кој управува:**
**Назив на Друштвото:** КБ Прво друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови АД Скопје – скратен назив: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје.
**Седиште на Друштвото:** Седиштето на Друштвото е на адреса: ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.6 1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Назив на Фондот:** КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје
**Седиште на Фондот:** Седиштето на Фондот е на адреса: ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Правна рамка на Фондот:** Отворен задолжителен пензиски фонд
**Датум на основање на пензискиот фонд:** 31.08.2005 година
**Контакт телефон:** 02 32 43 777, 02 32 43 772

**Име и презиме на членови на Управен одбор на Друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд:**

- Г-ѓа Весна Стојановска, Претседател и член на Управен одбор - Генерален директор
- Г-дин Предраг Милошевски, Член на Управен одбор - Втор Генерален директор

**Име и презиме на членови на Надзорен одбор на Друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд:**

- Г-ѓа Аленка Жнидаршич Крањц, Претседател и член на Надзорниот одбор,
- Г-дин Јанез Крањц, член на Надзорниот одбор,
- Г-ѓа Маја Стевкова Штериева, член на Надзорниот одбор,
- Г-ѓа Анита Бислимовска, член на Надзорниот одбор,
- Г-дин Миран Ковач, независен член на Надзорниот одбор и
- Г-ѓа Душица Стевчевска Србиноска, независен член на Надзорниот одбор (со мандат од 04.08.2022 г.)

Заклучно до 03.08.2022 г., г-дин Марко Андонов ја извршуваше функцијата независен член на Надзорниот одбор.

**Име, презиме и адреси на акционерите на Друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд и нивното учество во основната главнина на Друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд:**

1. Skupina Prva, zavarovalniski holding d.d. Ljubljana (Prva group, Insurance holding company, plc. Ljubljana)
Седиште: Фајфарјева улица 33, 1000 Љубљана, Република Словенија
Учество во основната главнина: 51%

2. Комерцијална банка АД Скопје
Седиште: Ул. Орце Николов бр.3, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Учество во основната главнина: 49%

Основната главнина на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје изнесува 1,8 милиони Евра.

**Назив и седиште на чувар на имот:** Шпаркасе банка АД Скопје
Седиштето на Чуварот на имот е на адреса: Ул. "Васил Иљоски" бр.14, 1000 Скопје

**Податоци за ревизорот на задолжителниот пензиски фонд и Друштвото:**

**Надворешен ревизор на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје и КБ Прво пензиско друштво АД Скопје:**
**Грант Торнтон ДОО Скопје** седиште на ул. Св. Кирил и Методиј бр. 52 б-1/20, 1000 Скопје

**Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 3224 229**

## II. СТРУКТУРА НА РЕФОРМИРАНИОТ ПЕНЗИСКИ СИСТЕМ:

**Реформираниот пензиски систем се темели на 3 столба:**

**ПРВ СТОЛБ –** Задолжително пензиско и инвалидско осигурување - Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија (ФПИОСМ);
**ВТОР СТОЛБ –** Задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. КБ Прво пензиско друштво АД Скопје и КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје се дел од вториот пензиски столб во Република Северна Македонија ;
**ТРЕТ СТОЛБ –** Доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

## III. ИНВЕСТИРАЊЕ

**Основни принципи на инвестирањето за периодот 01.01.2022 – 31.12.2022 година и самоограничувања при инвестирањето освен ограничувања утврдени со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување**

**а) Задолжителен пензиски фонд:**

КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје претставува отворен инвестиционен фонд.
КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје го сочинуваат придонесите и средствата на членовите, средствата на пензионираните членови и приносите од инвестираните придонеси и средства, намалени за надоместоците што се наплатуваат од задолжителниот пензиски фонд.

Друштвото на крајот на јуни и декември секоја година, го утврдува приносот во номинален и реален износ за претходните 84 месеци, а потоа се конвертира во еквивалентна годишна стапка на принос, изразена како процент, со две децимални места.
Приносот на задолжителниот пензиски фонд во номинален износ е еднаков на промената на вредноста на сметководствената единица на последниот датум на проценка во пресметковниот период во однос на вредноста на сметководствената единица на последниот ден од месецот кој претходи на првиот месец во пресметковниот период
Приносот на задолжителниот пензиски фонд во номинален износ се пресметува со користење на следната формула:

$$R_{nom} = \left(\frac{SE_t}{SE_0}\right)^{\frac{365}{t}} - 1$$

каде

**Rnom** е стапка на принос во номинален износ за пресметковниот период,
**SEt** е вредноста на сметководствената единица на последниот ден на пресметковниот период,
**SEo** е вредноста на сметководствената единица на последниот ден од месецот кој претходи на првиот месец во пресметковниот период,
**t** е број на денови во пресметковниот период.

Приносот на задолжителниот пензиски фонд во реален износ се пресметува врз основа на приносот во номинален износ и нивото на трошоци на живот во истиот период за кој се пресметува приносот, објавени од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија .
Приносот на задолжителниот пензиски фонд во реален износ се пресметува со користење на следната формула:

$$R_{real} = \frac{1 + R_{nom}}{\left(\prod_k \left(1 + \frac{i_k - 100}{100}\right)\right)^{\frac{365}{t}}} - 1$$

каде

**Rreal** е стапка на принос во реален износ за пресметковниот период,
**Rnom** е стапка на принос во номинален износ за пресметковниот период,
**t** – е бројот на денови во пресметковниот период
**ik** – индекс на трошоците на живот, објавен од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, на крајот на јуни односно декември во секоја година во однос на јуни или декември во претходната година, почнувајќи од годината на пресметката наназад за сите години во пресметковниот период и последното полугодие во пресметковниот период доколку тој изнесува 78, 66, 54, 42, 30 или 18 месеци.

Остварениот номинален принос на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје сведен на годишно ниво за периодот 31.12.2015 – 31.12.2022 година изнесува 5,05% [1]
Остварениот реален принос на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје сведен на годишно ниво за периодот 31.12.2015 – 31.12.2022 година изнесува 1,00% [2]

| Остварен просечен годишен принос на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје [1,2] | | |
|---|---|---|
| 31.12.2015 - 31.12.2022 | 5,05% | Номинален |
| 31.12.2015 - 31.12.2022 | 1,00% | Реален |

| Наплатуван надоместок од придонеси [3] | |
|---|---|
| 01.01.2015 – 31.12.2015 | 3,25% |
| 01.01.2016 – 31.12.2016 | 3,00% |
| 01.01.2017 - 31.12.2017 | 2,75% |
| 01.01.2018 - 31.12.2018 | 2,50% |
| 01.01.2019 - 31.12.2019 | 2,25% |
| 01.01.2020 - 31.12.2022 | 2,00% |

| Наплатуван месечен надоместок од нето средства на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје [4] | |
|---|---|
| 01.01.2015 - 31.12.2016 | 0,040% |
| 01.01.2017 - 31.12.2018 | 0,035% |
| 01.01.2019 - 31.12.2022 | 0,030% |

| Надомест за премин [5] | |
|---|---|
| број на денови ≤ 720 | 15 евра |
| број на денови > 720 | не се наплаќа надоместок за премин |

[1,2,3,4,5] Извор: www.mapas.mk

Приносот на Вашата индивидуална сметка е променлив и зависи од приносот на Вашиот задолжителен пензиски фонд и од надоместоците наплатени од Вашето друштво кое управува со задолжителниот пензиски фонд.

| Трансакциони провизии [6] | Износ во денари | Износ на трошок во денари по една сметководствена единица |
|---|---|---|
| Вкупен износ на трансакциони провизии платени од КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје во периодот 31.12.2015- 31.12.2022 | 5.154.560 | 0,022 |

**б) Принципи на инвестирање**

Друштвото ги инвестира средствата на Фондот во согласно со одредбите од Законот и инвестициона стратегија со цел за остварување на највисок принос единствено во полза на членовите и пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд и преку диверсификација и финансиска анализа да се минимизира ризикот од загуби:

1) кои настанале поради неплаќање на издавачот или другата договорна страна;
2) кои произлегуваат од влијанието на домашните и странските финансиски пазари;
3) во реалната вредност на средствата на задолжителниот пензиски фонд поради инфлација и
4) кои се последица од продажба на средствата на задолжителниот пензиски фонд поради обезбедување на ликвидност на задолжителниот пензиски фонд.

Управувањето и контролата на инвестирањето на средствата на задолжителните пензиски фондови од страна на член на Управен одбор и Надзорен одбор во Друштвото е во согласност со нивната фидуцијарната должност и овие лица применуваат степен на грижа, делотворност и вештини кои би ги применувал разумен човек при инвестирање на сопствените средства.
Секој член ја исполнува својата обврска во согласност со неговите фидуцијарни должности и обезбедува нивна примена од страна на секој вработен и работно ангажиран во Друштвото.

**Самоограничувања** што се почитуваат при инвестирањето на средствата на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје се:

- Лимитите утврдени во целната структура по инструменти прикажани во табелата подолу:

Целна структура по инструменти за период 2021-2027 година

| Опсег на алокација на средства | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Класа | Подкласа | Минимум | Цел | Максимум |
| Инструменти со фиксен принос ( од 67% до 80%) | Обврзници | | 54,00% | 63,00% | 80,00% |
| | | *Државни обврзници Р. С. Македонија* | *54,00%* | *60,00%* | *70,00%* |
| | | *Обврзници во Р.С. Македонија со исклучок на државни об.* | *0,00%* | *1,00%* | *3,00%* |
| | | *Државни обврзници странство* | *0,00%* | *1,00%* | *4,00%* |
| | | *Корпоративни обврзници странство* | *0,00%* | *1,00%* | *4,00%* |
| | Депозити | | 0,00% | 5,00% | 12,00% |
| | Пари и парични еквиваленти | | 0,00% | 0,50% | 3,00% |
| | | *Парични средства* | *0,00%* | *0,00%* | *3,00%* |
| | | *Парични инвестициони фондови во Р.С. Македонија* | *0,00%* | *0,00%* | *3,00%* |
| Инструменти со варијабилен принос (од 20% до 33%) | Акции | | 20,00% | 31,50% | 33,00% |
| | | *Акции Р.С. Македонија* | *0,00%* | *2,00%* | *3,00%* |
| | | *Акции странство* | *20,00%* | *29,50%* | *30,00%* |
| | Побарување | | *n/a* | *0,00%* | *n/a* |

Во случај на пречекорување на самоограничувањата се постапува според Политиката за ребалансирање на портфолио.

Дополнителни интерни лимити по инструменти:

- Процентот на индивидуални инвестиции во акции во Р.С. Македонија како правило нема да надмине 3% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд и
- Врз основа на интерна класификација на банките во Р.С. Македонија се дефинираат следните лимити: за банките класифицирани во групата "добри банки" може да се депонира износ кој нема да надмине 2% од вкупните средства на банката, во групата "средни банки" може да се депонира износ до максимум 1% од вкупните средства на банката и во групата "лоши банки" не е дозволено депонирање на средства на фондот.

**Одговорност при носење на инвестициони одлуки**

КБ Прво пензиско друштво АД Скопје ги инвестира средствата на членовите на Фондот во согласност со строго дефинирани правила и принципи и супервизија вршена од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, додека Чуварот на имот ги чува средствата на Фондот одвоено од средствата на Друштвото.
Одговорен за донесување и спроведување на одлуките за инвестирање на средствата на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје е Управниот одбор на Друштвото.
КБ Прво пензиско друштво АД Скопје има посебен Сектор за управување со средства кој директно ги спроведува одлуките на Управниот одбор на Друштвото.
Инвестициониот одбор е советодавно, стручно тело избрано од УО кое врз основа на движењата и состојбите на финансискиот пазар и анализа на финансиските инструменти, дава предлози на Управниот одбор за инвестирање на средствата на Задолжителниот пензиски фонд во одделни инструменти.
Исто така, за реализирање на инвестиционите цели и принципи, КБ Прво пензиско друштво АД Скопје усвојува: Инвестициона стратегија за период од седум години и Инвестициона тактика за период од една година.

Во согласност со законски предвидените лимити за инвестирање на средствата на Задолжителниот пензиски фонд, Инвестиционата стратегија, Инвестиционата тактика и тековните услови на финансиските пазари, наведените органи ги извршуваат работите поврзани со инвестирањето на средствата.

[6] Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје

**Инвестициско портфолио на задолжителниот пензиски фонд:**

| ИЗДАВАЧ | НАЗИВ | Вредност во денари | % од Вкупните средства |
|---|---|---|---|
| ДОМАШНИ ИНСТРУМЕНТИ | | | |
| ОБВРЗНИЦИ | | | |
| ДРЖАВНИ ОБВРЗНИЦИ | | | |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 10 год; 3,90%; 24/03/26 | 859.558.048 | 1,50% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 10 год; 3,90%; 18/08/26 | 942.920.829 | 1,64% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год; 3,80%; 29/06/32 | 728.940.906 | 1,27% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год; 3,80%; 07/09/32 | 576.785.511 | 1,00% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год; 3,80%; 21/09/32 | 1.013.828.495 | 1,77% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год; 3,80%; 05/10/32 | 682.683.891 | 1,19% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год; 3,80%;11/01/33 | 1.526.426.495 | 2,66% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год; 3,50%; 07/06/33 | 735.319.841 | 1,28% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год; 3,10%; 19/09/34 | 831.672.264 | 1,45% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год; 3,00%; 07/11/34 | 1.000.336.959 | 1,74% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год; 2,50%; 29/10/35 | 1.521.764.272 | 2,65% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год; 2,50%; 14/01/36 | 1.062.718.486 | 1,85% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год; 2,50%; 15/04/36 | 631.687.209 | 1,10% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год; 2,20%; 15/04/36 | 714.984.552 | 1,24% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год; 2,50%; 17/06/36 | 827.323.049 | 1,44% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год; 2,50%; 16/09/36 | 761.071.009 | 1,33% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год; 2,50%; 14/10/36 | 752.273.855 | 1,31% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год; 4,20%; 09/09/37 | 720.129.137 | 1,25% |
| Министерство за финансии | Останати обврзници со учество помало од 1% во портфолиото | 22.426.554.134 | 39,04% |
| Вкупно домашни државни обврзници | | 38.316.978.944 | 66,71% |

| ДЕПОЗИТИ | | | |
|---|---|---|---|
| Халк банка АД Скопје | 2,80%; 15/07/19 - 15/07/23 | 150.011.507 | 1,56% |
| | 2,80%; 09/08/19 - 09/08/23 | 61.504.718 | |
| | 2,80%; 21/08/19 - 21/08/23 | 172.213.210 | |
| | 2,80%; 12/09/19 - 12/09/23 | 61.504.718 | |
| | 2,80%; 11/11/19 - 11/11/23 | 123.009.436 | |
| | 2,70%; 29/01/20 - 29/01/24 | 123.009.099 | |
| | 2,10%; 21/09/21 - 21/09/24 | 153.758.846 | |
| | 2,50%; 30/12/22 - 30/12/24 | 50.003.425 | |
| | Вкупно | 895.014.957 | |
| Прокредит банка АД Скопје | 2,00%; 21/07/21 - 21/07/23 | 100.060.274 | 1,25% |
| | 2,00%; 18/02/22 - 18/02/24 | 150.115.068 | |
| | 2,80%; 23/05/22 - 23/05/24 | 100.069.041 | |
| | 2,80%; 01/06/22 - 01/06/24 | 80.190.247 | |
| | 2,90%; 13/06/22 - 13/06/24 | 53.781.065 | |
| | 3,10%; 20/06/22 - 20/06/24 | 80.081.534 | |
| | 3,35%; 05/08/22 - 05/08/24 | 154.131.005 | |
| | Вкупно | 718.428.234 | |
| Домашни банки | Останати депозити со учество помало од 1% во портфолиото | 608.483.873 | 1,06% |
| **Вкупно депозити во домашни банки** | | **2.221.927.064** | **3,87%** |
| | | | |
| **АКЦИИ** | | | |
| Алкалоид АД Скопје | Обични акции | 896.244.835 | 1,56% |
| **Вкупно домашни акции** | | **896.244.835** | **1,56%** |
| | | | |
| **ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ** | | | |
| Генарали инвестментс АД Скопје | Генерали кеш депозит (9110000000097) | 1.053.023 | 0,00% |
| ВФП Фонд менаџмент АД Скопје | ВФП кеш депозит (9100000000040) | 478.146 | 0,00% |
| **Вкупно удели во домашни инвестициски фондови** | | **1.531.170** | **0,00%** |
| **ВКУПНО ДОМАШНИ ИНСТРУМЕНТИ** | | **41.436.682.013** | **72,14%** |
| | | | |
| **ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ИЗДАДЕНИ ОД ИЗДАВАЧИ СО СЕДИШТЕ ВО ЕУ И ОЕЦД** | | | |
| **ОБВРЗНИЦИ** | | | |
| **ДРЖАВНИ ОБВРЗНИЦИ** | | | |
| Hungary-Government Debt Management Agency Pte. Ltd. (Akk) | Државна обврзница; 9 год; 4,25%; 16/06/31 | 159.803.696 | 0,28% |
| **Вкупно странски државни обврзници** | | **159.803.696** | **0,28%** |
| | | | |
| **ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ** | | | |
| **BlackRock Assets Management (Deutschland) AG** | iShares Dax DE | 220.549.666 | 0,38% |
| | iShares Stoxx Europe 600 UCITS ETF | 713.734.217 | 1,24% |
| BlackRock Fund Advisors | iShares MSCI ACWI ETF | 1.673.939.231 | 2,91% |
| | iShares ESG Aware MSCI USA ETF | 2.203.890.797 | 3,84% |
| | iShares ESG Aware MSCI EAFE ETF | 1.755.290.142 | 3,06% |
| SSGA Fund Management Inc | SPDR S&P 500 ETF TRUST | 984.903.279 | 1,71% |
| Vanguard Group Inc | Vanguard FTSE All World ex-US ETF | 1.118.979.059 | 1,95% |
| | Vaguard S&P 500 ETF | 2.382.002.049 | 4,15% |
| | Vanguard ESG International Stock ETF | 2.133.589.572 | 3,71% |
| | Vanguard ESG US Stock ETF | 545.979.187 | 0,95% |
| DWS Group GmbH & Co. KGaA | Xtrackers MSCI USA ESG Leaders | 2.010.130.234 | 3,50% |
| **Вкупно удели во странски инвестициски фондови** | | **15.742.987.434** | **27,41%** |
| **ВКУПНО СТРАНСКИ ИНСТРУМЕНТИ** | | **15.902.791.130** | **27,69%** |
| | | | |
| Побарувања | | 65.676.882 | 0,11% |
| Парични средства | | 33.756.228 | 0,06% |
| | | | |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **57.438.906.253** | **100,00%** |










*Структура по држави со учество над 0,5% од средствата на пензискиот фонд







**Нето вредност на средствата на задолжителниот пензиски фонд: на 31.12.2022 година изнесуваа 57.438,91 милиони денари [7.]**

## IV. НАДОМЕСТОЦИ И ПРОВИЗИИ

**Надоместоци, провизии и сите други трошоци што се наплатуваат од членовите и од пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд:**

**а) Надоместоци[8]:**

| | |
|---|---|
| надоместок од придонеси | 2,00% за периодот 01.01.2022 – 31.12.2022 |
| месечен надоместок од вредноста на нето средствата на задолжителниот пензиски фонд | 0,030% за периодот 01.01.2022 – 31.12.2022 |
| надомест за премин | |
| број на денови ≤ 720 | 15 Евра |
| број на денови > 720 | не се наплаќа |

Член на постојниот пензиски фонд е должен да плати надоместок за премин само доколку истиот бил член на постојниот фонд во рок помал или еднаков на 720 дена односно според подолната табела:

| Број на денови | Износ на надоместок за премин[9] |
|---|---|
| број на денови ≤ 720 | 15 Евра |
| број на денови > 720 | не се наплаќа надоместок за премин |

[7, 8, 9]Извор: www.mapas.mk

Надоместокот за премин е определен врз основа на бројот на денови од датумот кога членот се стекнал со статус на член во постојниот задолжителен пензиски фонд до датумот на пренос на средствата на индивидуалната сметка на членот во идниот задолжителен пензиски фонд.

Приносот на Вашата индивидуална сметка е променлив и зависи од приносот на Вашиот задолжителен пензиски фонд и од надоместоците наплатени од Вашето друштво кое управува со задолжителниот пензиски фонд,.

**б) Трансакциони провизии***

| Трансакциони провизии | Износ во денари | Износ на трошок во денари по една сметководствена единица |
|---|---|---|
| Вкупен износ на трансакциони провизии платени од КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје во периодот 01.01.2022 – 31.12.2022 | 582.387,00 | 0,002 |

*Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје

## V. ЧЛЕНСТВО

**Начин на зачленување, склучување на договор за програмирани повлекувања и договор за премин**

**а) Членство во задолжителен пензиски фонд:**

**Задолжителни членови**

Осигурениците кои прв пат пристапуваат во задолжително пензиско и инвалидско осигурување по 1 јануари 2019 година и на датумот на пристапување се помлади од 40 години должни се да се зачленат и да плаќаат придонеси во задолжителен пензиски фонд по сопствен избор сѐ додека имаат својство на осигуреник во задолжително пензиско и инвалидско осигурување.
Фондот на ПИОСМ времено ги распределува осигурениците во задолжителен пензиски фонд од денот на нивното пристапување во задолжително пензиско и инвалидско осигурување. Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување МАПАС е должна писмено да ги информира времено распределените осигуреници дека согласно Закон се должни да се зачленат во задолжителен пензиски фонд во рок од три месеци сметано од датумот на пристапување во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување. Во овој рок времено распределените осигуреници имаат можност да изберат во кој задолжителен пензиски фонд ќе се зачленат со склучување на договор за членство со агент на пензиското друштво кој управува со тој задолжителен пензиски фонд. Времено распределените осигуреници кои нема да потпишат договор за членство во рок од три месеци од датумот на пристапување во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, по истекот на тој рок, стануваат распределени членови на задолжителниот пензиски фонд во кој биле времено распределени.

Член на задолжителен пензиски фонд кој навршил стаж на осигурување со зголемено траење (бенифициран стаж) кој овозможува намалување на старосната граница за остварување право на старосна пензија за најмалку 1 година согласно член 118 став 3 од Закон за ПИО, може да избере да го продолжи членството во 2 столб со писмена изјава за продолжување на членството во задолжителен пензиски фонд во рок од 3 месеци од навршување на стажот на осигурување. Доколку член не даде изјава за продолжување на членство во текот на траење на рокот, по истек на рокот му престанува членството во 2 столб.

**Членови за кои е утврдено ослободување од плаќање на придонеси**
Согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, дефинирани се категории на осигуреници кои не се задолжителни членови на вториот столб во периодот за кој е утврдено ослободувањето од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување. По истекот на периодот од ослободувањето, овие лица стануваат задолжителни членови во вториот столб.

**б) Начин на зачленување во задолжителен пензиски фонд**

Член на задолжителен пензиски фонд е физичко лице кое склучило договор за членство во задолжителен пензиски фонд или во чие име е отворена сметка во задолжителен пензиски фонд во случаите утврдени со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и неговото членство трае се до остварувањето на правото на пензија или до исполнување на други услови пропишани со законската/подзаконската регулатива.

**Членство во КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје може да се стекне на два начина:**
**- со потпишување на договор за членство и со регистрација во Регистарот на членови што го води Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување;**

Договорот за членство е во стандардизирана форма утврдена од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС.

Во случај кога лице – осигуреник прв пат потпишал договор за членство во задолжителен пензиски фонд и дотогаш не бил член на ниту еден задолжителен пензиски фонд, има право на еднострано раскинување на договорот по пат на писмен поднесок доставен до Друштвото во рок од 8 работни дена од датумот на потпишувањето на договорот. Во таков случај, договорот не произведува правно дејство.
Осигуреник не може да стекне членство во задолжителен пензиски фонд пред истекот на осмиот работен ден од потпишувањето.

Осигуреник кој потпишал договор за членство станува член на задолжителен пензиски фонд со потпишување на договорот за членство во задожителниот пензиски фонд кој го одбрал и со негова регистрација во Регистарот на членови што го води Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС.

**- со распределба во КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје по случаен избор од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, а врз основа на утврдена процедура и методологија на распределба.**

Осигуреник кој е распределен член станува член на задолжителниот пензиски фонд со негова распределба и негова регистрација во Регистарот на членови што го води Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС.

Пензиониран член е физичко лице кое остварило право на пензија од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување преку програмирани повлекувања и има индивидуална сметка во задолжителен пензиски фонд и од која врши повлекување на средствата.

**в) Склучување на договор за програмирани повлекувања**

Постапката за остварување на право на пензија од вториот столб започнува со поднесување на барање на членот на пензискиот фонд за остварување на право на старосна пензија до Фондот на ПИОСМ, кој пак по спроведената постапка доставува копија од решение за признавање/непризнавање право на старосна пензија до пензиското друштво. Потоа, членот кој има индивидуална сметка во пензиски фонд поднесува барање до пензиското друштво кое во име на членот започнува постапка за котација во Центарот за котација. Во барањето до Друштвото, членот на пензискиот фонд определува кои исплати на пензија сака да бидат вклучени во котацијата па така, доколку членот сака да склучи договор за програмирани повлекувања, тој треба да побара понуда (и) за овој тип на исплата. По добивањето на збирна табела на понуди од Центарот за котација, Друштвото го известува членот на пензискиот фонд дека се добиени понуди (а со тоа и понуда за програмирани повлекувања). Пензиското друштво преку агент ја презентира збирната табела на понуди за проектирани идни пензии. Доколку членот одбрал да прима пензија од втор столб преку програмирано повлекување склучува договор со пензиското друштво чија понуда ја прифатил. Пензиското друштво не смее да одбие да склучи договор со член која ја избрал неговата понуда.

Осигуреник кој е член на задолжителен пензиски фонд може да потпише договор за програмирани повлекувања со агент на Друштвото кое управува со задолжителен пензиски фонд или агент на друштвото кое управува со задолжителен и доброволен пензиски фонд.

До основање на Центарот за котација собирањето и презентирањето на понудите за пензиите од втор столб ќе се извршува од пензиското друштво кое управува со задолжителниот пензиски фонд каде членот има индивидуална сметка. Заради ова, до основање на Центарот за котација, членовите кои ќе добијат решение од Фондот на ПИОСМ за признавање на правото на пензија треба да се обратат до пензиското друштво каде имаат сметка во моментот на приемот на Решението од Фондот на ПИОСМ за поднесување на барање за котација.

**г) Премин од/во друг задолжителен пензиски фонд и склучување на договор за премин**

Доколку осигуреник кој е член на еден задолжителен пензиски фонд (постоен задолжителен пензиски фонд) сака да стане член на задолжителен пензиски фонд управуван од друго друштво кое управува со идниот задолжителен пензиски фонд (идно друштво), тогаш тој член:

- Потпишува договор за премин со друштвото кое управува со идниот задолжителен пензиски фонд. Договорот за премин ги содржи сите елементи од договорот за членство т.е. е идентичен со договорот за членство со таа разлика што во договорот за премин се пополнува и полето за премин што е составен елемент од договорот;
- Потпишува изјава за согласност за премин -. Оваа изјава е во стандардизирана форма утврдена од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС.
- Плаќа надоместок за премин (доколку членот врши премин во рокови што се пропишани со законската регулатива).

Идното друштво доставува изјавата за согласност за премин до друштвото кое управува со постојниот задолжителен пензиски фонд во рок од 5 работни дена од потпишувањето на договорот. Понатаму, постојното друштво писмено го известува идното друштво дали лицето е член на задолжителниот пензиски фонд со кој управува и за потребата од плаќање на надоместокот за премин.
Постојното друштво ги доставува овие информации до идното друштво наредниот работен ден по денот на прием на погоренаведената документација до идното друштво.
Доколку членот има обврска да плати надоместок за премин, идното друштво го известува членот за оваа обврска веднаш по приемот на информацијата за оваа обврска од постојното друштво, а членот пак, во рок од 5 работни дена од приемот на ова известување е должен да го плати надоместокот и да достави доказ за платен надоместок до идното друштво.
Идното друштво има обврска да ги доставува податоците од договорите за премин во информацискиот систем на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС секој ден, за сите целосно документирани премини и тоа по добивање на доказот за платен надоместок за премин од страна на членот (доколку членот има обврска да плати надоместок) или пак по добивање на известување од постојното друштво дека членот нема обврска да плати надоместок за премин.
По доставување на податоците за премин од страна на постојното друштво, истото врши пренос на средствата на членот од неговата индивидуална сметка во постојниот задолжителен пензиски фонд на индивидуалната сметка на идниот задолжителен пензиски фонд и тоа на 15-ти во месецот.
Членството во идниот задолжителен пензиски фонд започнува од датумот на пренос на средствата на индивидуалната сметка на членот во идниот задолжителен пензиски фонд.
При секој нареден премин на член од постоен во иден задолжителен пензиски фонд, бројот на месеци на членство се смета од датумот на пренос на средствата на членот на индивидуалната сметка на идниот задолжителен пензиски фонд.

**Право на пополнување документи во двојазична форма**

По барање на потенцијален член/член на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје одредени документи може да бидат пополнети во двојазична форма, односно на македонски и албански јазик и тоа:

1. Договор за членство во КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје и Поднесок за раскинување;
2. Изјава за согласност за премин од еден во друг задолжителен пензиски фонд;
3. Барање за корекција/ажурирање на лични податоци;
4. Извештај за пензиска заштеда на индивидуална сметка;
5. Известување за нарушување на безбедноста на лични податоци

За издавање на наведените документи во двојазична форма, лицето треба да пополни барање и да го достави до Друштвото, со цел продолжување на соодветната постапка.

## VI. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ И ПЕНЗИОНИРАНИТЕ ЧЛЕНОВИ

**Начин на известување на членовите и пензионираните членови**

Заради целосно и правилно информирање на членовите, пензионираните членови и сите заинтересирани лица, КБ Прво пензиско друштво АД Скопје секоја година, најдоцна до 31.03. Во тековната година објавува Информативен проспект за КБ Прво пензиско друштво АД Скопје и КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје што содржи информации со состојба на 31.12. минатата година. Овој Информативен проспект содржи информации утврдени со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и подзаконските акти. Информативниот проспект се објавува во еден од најтиражните дневни весници што се дистрибуираат на целата територија на РМ и на интернет страната на Друштвото.
Исто така, Друштвото има и: Статут на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје и Статут на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје. Статутот на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје се објавува на интернет страната на Друштвото, а известување за негови измени се објавуваат во еден од најтиражните дневни весници што се дистрибуираат на целата територија на РМ и на интернет страната на Друштвото.
Информативниот проспект и Статут на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје се доставуваат на увид на сите потенцијални членови пред потпишување на договор за членство, на пензионираните членови пред склучување на договор за програмирани повлекувања и на барање на членовите на задолжителниот пензиски фонд.
КБ Прво пензиско друштво АД Скопје подготвува и објавува и Ревидирани годишни финансиски извештаи за Друштвото и пензиските фондови со кои управува. Објавата се врши во еден од најтиражните дневни весници што се дистрибуираат на целата територија на РСМ и на интернет страната на Друштвото.

Дополнително, Друштвото подготвува и:
- квартални неревидирани финансиски извештаи за КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје што се објавуваат во еден од најтиражните дневни весници што се дистрибуираат на целата територија на РСМ и на интернет страната на Друштвото;
- квартални неревидирани финансиски извештаи за КБ Прво пензиско друштво АД Скопје што се објавуваат на интернет страната на Друштвото;
- годишни неревидирани финансиски извештаи за КБ Прво пензиско друштво АД Скопје и КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје што се објавуваат на интернет страната на Друштвото;
- Огласна табла со кратки информации за Друштвото и Фондовите со кои управува.

Информативниот проспект, Статутот на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје, Огласната табла и Ревидираните годишни финансиски извештаи за Друштвото и Фондовите со кои управува се достапни за увид и во сите продажни места на Друштвото.

Согласно законските прописи, како и заради зголемување на транспарентноста на работењето, КБ Прво пензиско друштво АД Скопје е должно еднаш во годината, по писмен пат да ги информира членовите и пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд со кој управува за состојбата на средствата на нивните индивидуални сметки. Ова известување, по претходна согласност од членот, наместо во писмена форма може да се доставува и во електронска форма.

Од причина што годишните извештаи за пензиска заштеда на членовите и пензионираните членови на Задолжителниот пензиски фонд овозможуваат континуиран, детален и бесплатен увид на членовите во нивните индивидуални сметки, точноста на податоците за адресите и останатите лични податоци на членовите е од особено значење за нивно правилно, целосно и навремено информирање – достава на извештаите. Заради наведеното, известувањето на Друштвото за промена на адресата и останатите лични податоци на членовите е од исклучителна важност.

Покрај горенаведеното, Друштвото, еднаш годишно, по писмен и/или електронски пат ги известува членовите и пензионираните членови на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје и за:

- остварениот просечен годишен принос од инвестирањето за последните 84 месеци, во номинален и реален износ;
- наплатуваните надоместоци во текот на извештајниот период;
- податоците за вкупниот износ на трансакциони провизии кои ги платиле Друштвото и неговите странски менаџери на средствата на Задолжителниот пензиски фонд за извештајниот период и за износот на таквите трошоци по една сметководствена единица;
- податоци за вредноста и учеството на средствата (инвестиционо портфолио) на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје инвестирани во одделен вид на средства, вклучувајќи ги и податоците за издавачот на односната хартија од вредност, на последниот датум на проценка заклучно со 31 декември секоја година со графички приказ (пити) за структурата на портфолиото по група на инструмени и по држава и
- графички приказ на вредноста на сметководствената единица на Задолжителниот пензиски фонд за извештајниот период.

Сите наведени извештаи за пензиска заштеда се бесплатни и се доставуваат до членовите и пензионираните членови во зелен коверт (или во електронска форма на е-маил) најдоцна до 31.03. во тековната година, а се однесуваат на соодветниот изминат извештаен период заклучно со 31.12.

По барање на член или пензиониран член на Задолжителниот пензиски фонд во секое време, Друштвото доставува известување за вредноста на средствата на неговата индивидуална сметка. Овие известувања се доставуваат најдоцна во рок од 8 работни дена од приемот на барањето во писмена форма и за овие известувања Друштвото има право да наплати надоместок за известување, но само до висината на трошоците за печатење и поштенските трошоци. За овие извештаи Друштвото не наплатува надоместок.

Согласно подзаконската регулатива, Друштвото има обврска да доставува известување до секој нов распределен член во КБ Прв отворен задолжитлен пензиски фонд Скопје, кое најмалку содржи податоци за неговите права и обврски кои произлегуваат од членство во задолжителен пензиски фонд.

Дополнително, заради зголемување на транспарентноста во работењето, друштвото овозможува увид на членовите на задолжителниот пензиски фонд во нивните индивидуални сметки преку интернет страната на Друштвото. Исто така, преку својата интернет страна, КБ Прво пензиско друштво АД Скопје овозможува брз, едноставен и бесплатен начин на ажурирање на личните податоци на членовите на Задолжителниот пензиски фонд со кој управува. За вршење на промена, потребно е членовите да имаат верификациски код и истиот може да го добијат на нивната регистрирана електронска пошта (E-mail) или на домашна адреса. За повеќе информации, членовите можат да го контактираат КБ Прво пензиско друштво АД Скопје на 02 32 43 777 и 02 32 43 772 или да ја посетат интернет страната на Друштвото - www.kbprvo.com.mk – мени „Ажурирање на податоци“.

Исто така, Друштвото објавува на својата интернет страна и детални податоци за вредноста и учеството на средствата (инвестиционо портфолио) на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје инвестирани во одделен вид на средства, вклучувајќи ги и податоците за издавачот на односната хартија од вредност, на последниот датум на проценка заклучно со 31 декември секоја година со графички приказ (пити) за структурата на портфолиото по група на инструменти и по држава и графички приказ на вредноста на сметководствената единица на Задолжителниот пензиски фонд за извештајниот период, наплатуваните надоместоци во текот на извештајниот период и податоците за вкупниот износ на трансакциони провизии кои ги платиле Друштвото и неговите странски менаџери на средствата на Задолжителниот пензиски фонд за извештајниот период и за износот на таквите трошоци по една сметководствена единица.

**Број на членови на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје:** 273.164 членови и времено распределени лица[10] на 31.12.2022 година

**Број на пензионирани членови на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје во 2022** година: **на 31.12.2022 има 14 актуелни пензионирани членови, а во годината има 9 нови корисници на програмирани повлекувања (3 пензионери со еднократна исплата на пензија од втор столб, бидејќи нема исполнето услов за старосна пензија)** [11]

[10] Извор: www.mapas.mk
[11] Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје

## VII. ПЕНЗИИ

**Право на пензија од задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување:**

Кога член на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје, како дел од вториот пензиски столб, ќе стекне право на старосна пензија според Законот за пензиско и инвалидско осигурување, целиот износ на акумулираните средства на неговата сметка ќе се искористи, со право на личен избор на членот, за:
а) купување на пензиски ануитет кој се исплаќа до крајот на животот од друштво за осигурување овластено за оваа цел;
б) програмирани повлекувања обезбедени од друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд со кое членот ќе склучи договор за програмирани повлекувања;,
в) комбинација од опциите наведени под а) и б),
или попрецизно, член на задолжителен пензиски фонд кој се стекнал со право на старосна пензија има можност да избере еден од следните видови на исплати на средствата од неговата индивидуална сметка:

1. Доживотен непосреден ануитет;
2. Програмирани повлекувања или
3. Привремени програмирани повлекувања во комбинација со доживотен одложен ануитет.

За исплата на средствата од индивидуална сметка преку доживотен непосреден ануитет, членот потпишува полиса за ануитет со друштво за осигурување, за исплата на средствата преку програмирани повлекувања, членот потпишува договор за програмирани повлекувања со пензиско друштво, а во случај на исплата на средствата преку комбинација од привремени програмирани повлекувања и доживотен одложен ануитет, членот потпишува и договор со пензиско друштво и полиса со друштво за осигурување.

Во однос на можноста за промена на веќе избран вид на исплата треба да се напомене дека:

- Полисата за ануитет е нераскинлив договор, Друштвото за осигурување не смее да ја раскине полисата за ануитет ниту во случај на согласност на корисникот на пензија;
- Корисникот на пензија може да ги замени доживотните програмирани повлекувања обезбедени од едно пензиско друштво со користење на преостанатите расположливи средства од индивидуалната сметка за купување доживотни програмирани повлекувања од друго пензиско друштво, купување на доживотен ануитет од друштво за осигурување или со купување на привремени програмирани повлекувања од исто или друго пензиско друштво комбинирани со доживотен одложен ануитет од друштво за осигурување;
- Во случај корисникот на пензија да одбрал привремени програмирани повлекувања во комбинација со доживотен одложен ануитет, може во секој момент да ги замени привремените програмирани повлекувања обезбедени од едно пензиско друштво со користење на преостанатите расположливи средства од индивидуална сметка за купување на привремени програмирани повлекувања од друго пензиско друштво за преостанатиот период, но неможе да ја раскине полисата за одложен ануитет.

Постапката за остварување на право на старосна пензија од вториот столб започнува со поднесување на барање на членот на пензискиот фонд за остварување на право на старосна пензија до Фондот на  ПИОСМ.

По спроведенета постапка, Фондот на  ПИОСМ доставува копија од донесеното решение со кое се признава или не се признава правото на старосна пензија до пензиското друштво кое управува со пензискиот фонд каде што членува подносителот на барањето.
Постапката продолжува преку достава на барање до друштвото кое управува со пензискиот фонд каде што членот има индивидуална сметка кое во негово име започнува со котација во Центарот за котација, Во барањето до друштвото, членот определува кои видови на исплати на пензија сака да бидат вклучени во котацијата.
Во рок од 5 дена од приемот на барањето за котација, друштвото е должно да поднесе барање за котација со идентификациски број на котацијата и податоците: износот на средства на индивидуална сметка, полот и датумот на раѓање на членот на пензискиот фонд и видовите на исплата на пензија.
Друштвата за осигурување и пензиските друштва се должни во рок од 5 дена од денот на внесувањето на барањето за котација во Центарот за котација да ги презентираат своите понуди, а откако пензиското друштво кое во име на членот поднело барање за котација ќе ја добие збирната табела, го известува членот на пензискиот фонд дека се добиени понуди од друштво за осигурување и/или пензиско друштво. По барање на членот, пензиското друштво е должно да достави збирна табела со сите добиени понуди, заверена и потпишана од друштвото.
По вака доставената табела, членот врши избор на видот на исплатата на средствата од неговата индивидуална сметка, Друштво за осигурување и пензиско друштво не смее да одбие склучување на договор или полиса за ануитет со член кој ја одбрал неговата понуда.

Корисник на пензија од прв столб може да одложи остварување пензија од втор столб најмногу до 3 години од денот на стекнувањето на правото на старосна пензија од прв столб, По истекот на тој период, треба да избере еден од пропишаните видови на исплата на пензија од втор столб, Доколку пак и по истекот на 3 години корисникот не избере еден од пропишаните видови на исплата на пензија, станува корисник на пензија од втор столб преку доживотни програмирани повлекувања од пензискиот фонд каде што тој има индивидуална сметка.

Членот на пензиски фонд кој не остварил право на старосна пензија во Фондот на  ПИОСМ поради неисполнување на законските услови, барањето за остварување на пензија само од втор пензиски столб го поднесува до пензиското друштво кое управува со пензискиот фонд каде е член. Членот го доставува барањето за остварување на право на пензија по наполнување на 65 години живот, а кон барањето доставува и Изјава заверена на нотар со која се откажува од правото на пензија од прв столб и правото на најнизок износ на пензија. Во овој случај, членот може да избере:

1. Еднократна исплата на средствата од втор столб или
2. Остварување на пензија само од средствата од втор столб, доколку пензијата е поголема или еднаква на 40% од најнискиот износ на пензија на денот на остварувањето на пензија од втор столб.

Во случај на поднесување на барање за инвалидска или семејна пензија до Фондот на  ПИОСМ, членот на пензискиот фонд кој бара да оствари право на инвалидска пензија или лицето кое бара да оствари право на семејна пензија од член на пензиски фонд го доставува називот на пензиското друштво кое управува со пензискиот фонд во кој е индивидуалната сметка на членот.

Фондот на  ПИОСМ до пензиското друштво ги доставува законски пропишаните податоци и износот на пензија која би се исплатила од прв столб,
Пензиското друштво пак, пресметува семејна пензија преку програмирани повлекувања според следниве правила:

1. Доколку има најмалку еден корисник кој семејната пензија ќе ја користи доживотно, се пресметува поединечна доживотна пензија преку програмирани повлекувања за најмладиот корисник кој ќе ја користи пензијата доживотно, Доколку вака пресметаната семејна пензија е поголема или еднаква на пензијата пресметана од Фондот на  ПИОСМ, тогаш носителот на правото на семејна пензија има право да избере дали:
- Средствата на индивидуална сметка на членот ќе ги задржи или ќе се откаже од семејната пензија од прв столб, а пензијата ќе ја исплатува пензиското друштво;
- Средствата од индивидуалната сметка на членот ќе се пренесат во Фондот на  ПИОСМ од каде ќе се исплатува семејната пензија.

2. Доколку нема корисници кои семејната пензија ќе ја користат доживотно, се пресметува поединечна привремена пензија преку програмирани повлекувања за најмладиот корисник кој ќе ја користи пензијата времено, Доколку вака пресметаната семејна пензија е поголема или еднаква на пензијата пресметана од Фондот на  ПИОСМ, тогаш има право да избере дали:
- Средствата од индивидуалната сметка на членот ќе ги задржи и ќе се откаже од семејната пензија од прв столб по што пензиското друштво врши исплата на програмирани повлекувања или
- Средствата од индивидуалната сметка на членот ќе се пренесат во Фондот на  ПИОСМ од каде ќе се врши исплата на семејна пензија.

Пензиското друштво ја пресметува инвалидската пензија за членот како поединечна доживотна пензија преку програмирани повлекувања и доколку вака пресметаната пензија е поголема или еднаква на пензијата пресметана од Фондот на  ПИОСМ, тогаш членот на вториот столб има право да избере дали:
- Средствата на индивидуална сметка на членот ќе ги задржи или ќе се откаже од инвалидската пензија од прв столб, а пензијата ќе ја исплатува пензиското друштво како програмирани повлекувања;
- Средствата од индивидуалната сметка на членот ќе се пренесат во Фондот на  ПИОСМ од каде ќе се исплатува инвалидска пензија.

Доколку пресметаната семејна или индвалидска пензија од втор столб е помала од износот на пензија од прв столб, средствата на членот се пренесуваат во Фондот на  ПИОСМ од каде се врши исплата на семејна односно инвалидска пензија.

**КБ Прво пензиско друштво АД Скопје**

**Генерален директор и Претседател на Управен одбор**
**Весна Стојановска**

**Втор Генерален директор**
**Предраг Милошевски**

КБ Прво пензиско друштво АД Скопје
Адреса: ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 6 1000 Скопје
телефон: 02 3243 777 факс: 02 3243 789
е-маил: contact@kbprvo.com.mk
www.kbprvo.com.mk

Супервизор и регулатор на капитално финансирано пензиско осигурување
Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување
Адреса: Стив Наумов бр.100, 1000 Скопје
телефон: 02 3224 229 факс: 02 3166 452
е-маил: contact@mapas.gov.mk